Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# БАРАЊА И ОДГОВОРИ ПО ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2023 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Реден број: | 1 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-191/1 |
| Датум: | 09.01.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Вкупен број на регистрирани корисници на порталот е-Даноци (https://etax-fl.ujp.gov.mk) заклучно со 31.12.2022, со следната поделба:<br>• физички лица<br>• правни лица |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-191/1 од 09.01.2023 година со кое од имателот за информации од јавен карактер - Управа за јавни приходи побаравте да Ви се достават податоци/информација за вкупен број на регистрирани корисници на порталот е-Даноци (etax-fl.ujp.gov.mk) заклучно со 31.12.2022, со поделба на физички лица и правни лица, Ви го доставуваме следниот податок:<br><br>РЕГИСТРАЦИЈА ЗА Е-ТАХ УСЛУГИ |

| Организациона единица на УЈП | Вкупен број на активни даночни обврзниц и ПЛ и СВД на 31.12.2022 | Вкупен број на овластуван а за активни ПЛ и СВД на 31.12.2022 | Вкупен број на различни ФЛ кои имаат овластувања за активни ПЛ и СВД и се регистриран и и како ФЛ на 31.12.2022. | Вкупен број на регистрирани обврзници физички лица, без овластувања за ПЛ и СВД и/или физички лица кои имаат овластувања кај одјавени ПЛ и СВД во матична евиденција на 31.12.2022 | Вкупен број на активни регистриран и обврзници на 31.12.2022 (5)=(1)+(3)+(4) |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| РД СКОПЈЕ | 40075 | 57529 | 6523 | 2980 | 49578 |
| РД БИТОЛА | 11967 | 16286 | 1285 | 710 | 13962 |
| РД ПРИЛЕП | 9691 | 13141 | 1434 | 678 | 11803 |
| РД СТРУМИЦА | 8220 | 11429 | 1654 | 756 | 10630 |
| РД ТЕТОВО | 12403 | 15815 | 1245 | 549 | 14197 |
| РД ШТИП | 11943 | 16416 | 1890 | 890 | 14723 |
| ДГДО | 361 | 912 | 0 | 0 | 361 |
| **ВКУПНО** | **94660** | **131528** | **14031** | **6563** | **115254** |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 2 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-367/1 |
| Датум: | 13.01.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Општина Битола го започна процесот за изготвување на Стратегија за локален економски развој. Со цел да се добие севкупен опфат при изработката на Стратегијата за локален економски развој, Ве замолуваме да ни ги доставите следните податоци, потребни за квалитетна изработка на овој важен документ за општината, а кои се однесуваат само на субјектите во општина Битола.<br>• Која е моментално најефикасна локална компанија/сектор, судејќи според нејзиниот годишен обрт и профитот прилагоден на големината?<br>• Која е најбрзо растечката компанија/сектор, која/кој е дел од најголемиот број локални ланци на вредности?<br>• Која компанија/сектор во поголема мера се потпира на локални добавувачи и ресурси додека го гради својот ланец на вредности?<br>• Стоките и/или услугите на која компанија/сектор се репрезентативни за уникатни производи и услуги на територијата?<br>• Кои сектори се генерално во опаѓање, а кои сектори во пораст?<br>• Споредба како општината стои во однос на вработеноста, платите,локалниот БДП, БДП по глава на жител итн. Со националните процеси и другите релевантни репери (на пр.градови со слична |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | големина). |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/2019) со допис број xxxxx од xxxxxx година препратено е на надлежност и постапување до Централниот регистар на РСМ, а со допис број xxxxxx од xxxxxxx година и до Државниот завод за статистика. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 3 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-734/1 |
| Датум: | 30.01.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | • Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2022 година.<br>• Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2022 година.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2022 година.<br>• Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои користеле некои од мерките на економските пакети на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19 |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Листа на физички лица кои искористиле даночни олеснувања за донации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2022 година.<br>• за 2022 година нема физички лица кои користеле даночно ослободување за дадени донации Листа на правни субјекти кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2022 година.<br>• Со анализа на вкупно примените Извештаи за дадени/примени донации согласно Законот за донации и спонзорства во 2022 година, 166 правни лица донирале на непрофитни организации (здруженија и фонадации) во повеќе наврати.<br><br>Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои што побарале даночни бенефиции (ослободувања) за донации до граѓански организации согласно Законот за донации и спонзорства од јавни дејности во текот на 2022 година.<br>• Согласно измените на Законот за данок на добивка (Службен весник 275 од 27.12.2019 година) воведен е член 4-а во кој е утврден посебен режим на оданочување на непрофитните организации така што истите не користат даночнии ослободувања по основ на донации согласно Законот за донации и спонзорства. Во секој случај не е исклучена можноста истите да донираат. Од анализа на вкупно примените извештаи за дадени/примени донации во 2022 година, утврдено е дека 20 правни лица (здруженија и фонадации) извршиле донации во повеке наврати согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.<br><br>Листа на правни субјекти (здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации) кои користеле некои од мерките на економските пакети на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од КОВИД-19<br>• Во 2022 година немаше мерки од Владата за справување со кризата предизвикана од Ковид, во кој УЈП била вклучена. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 4 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-1042/1 |
| Датум: | 14.02.2023 |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| Опис на информација до која се бара пристап: | Јас XXXX. со ЕМБГ xxxxxxxxx согласно Правилникот за работен ред и дисциплина, како непосреден член соодветно специфичноста на работните задачи и функционирањето, кои соодветствуват и се релевантни како претходно за финансиско работење,планирање и буџет и во иднина,предвидени услови според современи стандарди практични, заради придржување на сигурносната политика и процедура во користењето на ИТ опремата, е-пошта и интернет сервисот релевантно департман сметководство и ревизија, барам во доверба да ми се овозможи работи од областа на даноци и даночниот систем,спроведување постапки согласно Законот за даночна постапка и законите што ги уредуват одделните видови даноци и Правилникот за утврдување и исплата на платите и други надоместоци од плати,сепак за кои е надлежна УЈП.<br>Бидејќи се' горенаведено бара посебно внимание,спроведена постапка и одлука се надевам на ваша подршка и соработка во Даночно одделение Радовиш дополнително да ме известите за реалните можности, во повеќе детали да ме контактирате во својата погодност ако сметате дека Вашето известување ќе биде на нашата заедничка корист, соодветно моето Барање.<br>Двигател за понатамошна мотивација и воздржување од било која процедура која може да ги загрози компјутерските системи и податоци.<br>Ве замолувам врз основа на ова Барање кое понатаму само по себе допрецизира и е во интерес да се заснова работен однос во УЈП согласно член20, член 32 и член 40 став 1 и 2 од Законот за УЈП од 14.01.2019година (""Службен весник на РМ"",бр.43/14...7/19) и согласно Законот за даночна постапка од 25.11.2022година (Службен весник на РМ,бр.13/06,...35/18 и Службен весник на РСМ 275/19...347/22),," |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | • Постапката за вработување на даночни службеници во Управата за јавни приходи е регулирана со Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), како и со Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/18).<br>• Постапката за вработување започнува со објавување на јавен оглас.<br>• Надлежна институција за објавување на огласи за вработување на административни службеници во Управата за јавни приходи, е Агенцијата за администрација.<br>• Пријава за вработување се поднесува во електронска форма преку креирање на кориснички профил на интернет страницата на Агенцијата за администрација.<br><br>Постапката за селекција на кандидати за вработување се спроведува во три фази на селекција и тоа:<br>• Прва фаза - Административна селекција (проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодување)<br>• Втора фаза - Испит за административен службеник (се состои од три дела: стручен дел, дел за проверка на знаење на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски, германски) и испит за даночен службеник) и<br>• Трета фаза - Проверка на веродостојност на докази и интервју (се врши увид во доказите во оригинал или заверен препис кои биле приложени/прикачени кон електронската пријава и се спроведува усно и/или писмено интервју).<br>• Постапката за селекција на кандидати ја организира Агенцијата за администрација, а ја спроведува Комисија ја селекција која ја формира Агенцијата за администрација.<br>• Комисијата за селекција, од конечната ранг листа по работно место, го избира најдобро рангираниот кандидат со припадност на заедница согласно годишниот план на Управата за јавни приходи и во рок од три дена го предлага за избор на Управата за јавни приходи.<br>• Одлуката за избор на кандидат за вработување ја донесува раководното лице на институцијата која вработува, односно директорот на Управата за јавни приходи, во рок од пет дена по добивање на предлогот.<br>• Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, раководното лице на институцијата, односно директорот на Управата за јавни приходи, носи решение или склучува договор за вработување на неопределено време.<br>Во моментот нема активен оглас за вработување во Управата за јавни приходи. Заинтересираните кандидати за вработување во Управата за јавни приходи треба да ги следат објавите на јавните огласи за вработување на веб страницата на Агенцијата за администрација. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 5 |

| | |
|---|---|
| Архивски број на поднесено барање: | 02- 1730/1 |
| Датум: | 22.03.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | • Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2022, односно:<br>• Број на информации кои се означени со степенот "државна тајна" во 2022.<br>• Број на информации кои се означени со степенот "строго доверливо" во 2022.<br>• Број на информации кои се означени со степенот "доверливо" во 2022.<br>• Број на информации кои се означени со степенот "интерно" во 2022.<br>• Број на информации кои се означени со степенот "за ограничена употреба" во 2022.<br>• Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2022. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно евиденцијата со која располага имателот на информации од јавен карактер констатирано е дека во 2022 година до имателот, согласно Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/2019) не е доставено ниту едно барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое е побарана класифицирана информација со некој од степените наведени во Законот за класифицирани информации („Службен весник на РСМ„ бр.275/2019), односно означени како државна тајна, строго доверливо, интерно, доверливо, за ограничена употреба, како и информација чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, односно класифицирана. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 6 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-2257/1 |
| Датум: | 06.04.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Приходи од данок на додадена вредност на цигари за 2020,2021 и 2022 година |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-2257/1 од 05.04.2023 година со кое од имателот на информации од јавен карактер – Управа за јавни приходи Скопје побаравте во електронска форма да Ви се достави податок/информација за приход од ДДВ на цигари во 2020, 2021 и 2022 година на еден од наведените формат фајлови word,excel,pdf,doc, Имателот на информации од јавен карактер, Ви ја доставува следната информација:<br>Во износите од табелата учествуваат следните дејности |

| Побарани дејности | ДДВ приход 2020 | ДДВ приход 2021 | ДДВ приход 2022 |
|---|---|---|---|
| Вкупно ДДВ од побарани дејности во денари | 2,495,952,045 | 2,789,726,367 | 3,074,786,093 |
| Вкупно ДДВ од побарани дејности во евра (1евро=61.5 денари) | 40,584,586 | 45,361,404 | 49,996,522 |

| Дејност НКД | Опис Дејност НКД |
|---|---|
| 01.15 | Одгледување на тутун |
| 12.00 | Производство на тутунски производи |
| 46.35 | Трговија на големо со производи од тутун |
| 47.26 | Трговија на мало со производи од тутун во специјализирани продавници |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 7 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02- 2361/2 |
| Датум: | 11.04.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Ве молиме да ни ги испратите финансиските извештаи на коцкарските друштва за 2020, 2021 и 2022 година. Исто така, информирајте ни колку компании се регистрирани како коцкарски друштва низ територијата на Република Северна Македонија. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-2361/1 од 11.04.2023 година со кое од имателот за информации од јавен карактер - Управа за јавни приходи побаравте да Ви се достави информација, цитирам Ве молиме да ни ги испратите |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | финансиските извештаи на коцкарските друштва за 2020, 2021 и 2022 година. Исто така, информирајте ни колку компании се регистрирани како коцкарски друштва низ територијата на Република Северна Македонија.<br>Имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи – Скопје, согласно евиденциите со кои располага, Ви доставува информација само по однос на број на регистрирани компании како коцкарски друштва на територијата на Република Северна Македонија, и тоа:<br><br>ЛИСТА НА ПРИРЕДУВАЧИ НА ИГРИ НА СРЕЌА<br>**Обложувалници** – 7<br>**Автомат клубови** – 23<br>**Казина** – 4<br>**Општи игри на среќа/лотарија/видеолотарија** – 2<br><br>Во однос на делот од барањето каде е побаран податок во однос на финансиските извештаи на коцкарските друштва за 2020, 2021 и 2022 година , согласно природата на барањето, истото е препратено до ЦРСМ на надлежност и понатамошно постапување, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19). |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 8 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02- 3051/1 |
| Датум: | 12.05.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | По поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер до Управа За Јавни Приходи, каде побарав, цитирам; Ве молиме да ни ги испратите финансиските извештаи на коцкарските друштва за 2020, 2021 и 2022 година. Исто така, информирајте ни колку компании се регистрирани како коцкарски друштва низ територијата на Република Северна Македонија. Од ваша страна ни вративте одговор на 04.05.2023 каде не информиравте за бројот на компании како коцкарски друштва на територијата на Република Северна Македонија,и тоа;<br><br>ЛИСТА НА ПРИРЕДУВАЧИ НА ИГРИ НА СРЕЌА<br>**Обложувалници** – 7<br>**Автомат клубови** – 23<br>**Казина** – 4<br>**Општи игри на среќа/лотарија/видеолотарија** – 2<br><br>Сега од ваша страна бараме да не информирате за имињата на овие компани така како се поделени, респективно имињата на приредувачи на игри на среќа обложувалници, автомат клубови и казина. Исто така и колку филииали имат овие компани конкретно колку објекти низ целата териотирја на Република Северна Македонија,, |

| | |
|---|---|
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02- 3051/1 од 12.05.2023 година во кое го наведувате претходно доставениот одговор во кој е содржана листа на приредувачи на игри на среќа прикажан во табеларен преглед со поделба на обложувалници, автомат клубови, казина и општи игри на среќа/лотарија/видеолотарија, а сега барате да Ви се достави податок за имињата на овие компани така како се поделени, респективно имињата на приредувачи на игри на среќа обложувалници, автомат клубови и казина. Исто така и колку филииали имат овие компани конкретно колку објекти низ целата териотирја на Република Северна Македонија, имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии– Управа за јавни приходи, Скопје Ви го доставува следниот податок:<br><br>ЛИСТА НА ПРИРЕДУВАЧИ НА ИГРИ НА СРЕЌА<br><br>Реден број – ОБЛОЖУВАЛНИЦИ<br>1 – МАКС БЕТ ДОО Скопје<br>2 – СТАРБЕТ ДОО ГОСТИВАР |



Твој данок, твоја иднина!

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| 3 | СПОРТ-ЛАИФ ТРЕЈД Д.О.О. СКОПЈЕ |
| 4 | ЗЛАТНА КОПАЧКА-ЕДЕН Д.О.О. СКОПЈЕ |
| 5 | ДЕЛТА БЕТ Д.О.О.Е.Л. СКОПЈЕ |
| 6 | БАНАНА КИЦК ДОО ТЕТОВО |
| 7 | КЛУБ СПОРТ 77 ДОО БИТОЛА |
| АВТОМАТ КЛУБОВИ | |
| 1 | МАСТЕРБЕТ Д.О.О.Е.Л. СКОПЈЕ |
| 2 | МА ГАМИНГ Д.О.О.Е.Л. СКОПЈЕ |
| 3 | МАКТРИКС УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ ОХРИД |
| 4 | АСТРА ЕЛЕКТРОНИК КОМПАНИ Д.О.О. СКОПЈЕ |
| 5 | СЕНАТОР МАКЕДОНИЈА Д.О.О. СКОПЈЕ |
| 6 | КИНГ СЛОТ ДОО КОЧАНИ |
| 7 | КАЗИНО МЕРКУР ДООЕЛ ГОСТИВАР |
| 8 | ПРО БЕТИНГ ДОО КОЧАНИ |
| 9 | ГАМИНГ ПРОФЕСИОНАЛ ДООЕЛ ТЕТОВО |
| 10 | АПЕКС МК Д.О.О. СКОПЈЕ |
| 11 | ЕУРОГЕЈМС ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДООЕЛ ОХРИД |
| 12 | ДИВИЕН Д.О.О. ЕКС/ИМП СКОПЈЕ |
| 13 | ТХЕ СЛОТС ДОО СКОПЈЕ |
| 14 | ГЛОБАЛ ГАМИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| 15 | СИТИ КЛУБ ДООЕЛ КОЧАНИ |
| 16 | КЛУБ СЛОТ 77 ДОО БИТОЛА |
| 17 | СПОРТ ЛАИФ ГЕЈМИНГ ДОО СКОПЈЕ |
| 18 | КАЗЗИНО МОЗЗАРТ ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| 19 | КИНГ ЕУРОПЕ ДОО СТАР ДОЈРАН |
| 20 | АРЕНА ГАМИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА |
| 21 | ПОКЕРФЕЈС ДОО СКОПЈЕ |
| 22 | СВИСС СИСТЕМС ДОО ГОСТИВАР |
| 23 | МОНОПОЛИ КОНСАЛТИНГ ДОО ГЕВГЕЛИЈА |
| КАЗИНА | |
| 1 | К.А.К. Д.О.О. СКОПЈЕ |
| 2 | МАКОТЕН ДОО ГЕВГЕЛИЈА |
| 3 | ПРИНЦЕСС ХОТЕЛ И КАЗИНО Д.О.О. БОГОРОДИЦА ГЕВГЕЛИЈА |
| 4 | ФОРТУНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО СКОПЈЕ |
| ОПШТИ ИГРИ НА СРЕЌА | |
| 1 | ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
| 2 | ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА НА РМ АУСТРИЈА КАЗИНО |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 9 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-3078/2 |
| Датум: | 15.05.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Ве молиме да ни испратите точен број:<br>• На објектите на казино во целата територија на Република Северна<br>• Македонија, значи колку компании и секоја од нив колку објекти низ<br>• целата земја. |

| | |
|---|---|
| | • Број на томболи со затфорен тип,<br>• Број на спортски обложувалници значи колку објекти има низ кои се игра спортска, не само како компании туку како објекти каде се организират и се играт овие игри<br>• Број на објекти на автомат клубови низ целата земја, и<br>• Број на игри на среќа со интернет<br>Исто така, финански извештаи на овие компании за година 2018-2002, колку имале циркулазија, приходи и расходи за година 2018, 2019. 2020. 2021 и 2022. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19), барањето е проследено на надлежност и постапување до Министерство за финансии. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 10 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-3794/1 |
| Датум: | 14.06.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Со барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.xxxx од xxxx година, побарана е информација - За буџетска ставка 481 – градежни објекти<br>Список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нереализирани објекти/проекти од буџетската ставка 481 – градежни објекти од буџетот на вашата институција за 2022 година, со наведување на локација на тие објекти/проекти и нивната поединечна вредност. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во Буџетот на УЈП за 2022 година на расходна ставка 480- Купување на опрема и машини беа планирани 49.000.000 денари за набавка на:<br>• Консолидирање на работни станици и периферна опрема- набавка на ИТ опрема 28.000.000 денари;<br>• Подигање на капацитетот на проток на комуникациската (мрежна) опрема и услуги 13.000.000 денари; и<br>• Консолидирање на базите на податоци од постојните ИТ системи/ подсистеми во единствена база на податоци за воведување ESB за Data exchange и воспоставување складиште на податоци – Data Warehouse и лиценци за системски софтвер и бази на податоци (хардвер) 8.000.000 денари.<br>• Реализацијата на оваа расходна ставка за 2022 година изнесува 622.659 денари за купување на опрема за греење и климатизација (613.660 денари) и купување на кујнска опрема (8.999 денари). |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 11 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02- 4118/1 |
| Датум: | 04.07.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Доставете ни листа на именувани лица за контакт и/или координација на активностите согласно член 3 од Меморандум за соработка на даночните администрации во Западен Балкан.<br>2. Доставете ни листа реализирани и планирани активности кои произлегуваат од спроведување на Меморандум за соработка на даночните администрации во Западен Балкан. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02- 4118/1 од 04.07.2023 година во кое барате да Ви се достави листа на именувани лица за контакт и/или координација на активностите согласно член 3 од Меморандум за соработка на даночните администрации во Западен Балкан и листа реализирани и планирани активности кои произлегуваат од спроведување на Меморандум за соработка на даночните администрации во Западен Балкан., имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии– Управа за јавни приходи, Скопје Ви го доставува следниот податок:<br><br>Согласно член 3 од Меморандумот за соработка на даночните администрации во Западен Балкан, надлежен за координација на активностите поврзани од Меморандумот е Секторот за меѓународна соработка при Генералната Дирекција на Управата за јавни приходи. Досега се реализирани активности од Меморандумот, преку работни состаноци одржани во Р.Србија помеѓу Министерството за финансии и Даночната управа на Република Србија, и Директорката на УЈП и дел од раководството на УЈП заедно со претставници од македонското министерството за финансии на тема „искуства за е-фактура и е-фискализација„ |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | Прилог линк:<br>http://www.ujp.gov.mk/mk/javnost/soopstenija/pogledni/953<br><br>20.02.2023<br>МАКЕДОНСКА ДАНОЧНА ДЕЛЕГАЦИЈА НА РАБОТНИ СОСТАНОЦИ ЗА Е-ФАКТУРА И Е-ФИСКАЛИЗАЦИЈА ВО БЕЛГРАД<br><br>„Директорката на Управата за јавни приходи, Сања Лукаревска, заедно со дел од раководството на УЈП и претставници од Министерството за финансии, одржаа работни состаноци во Министерството за финансии и Даночната управа на Република СрбијаНа средбата во Српското Министерството за финансии помошник министрите Соња Талијан задолжена за дигитализација и Драган Демировиќ задолжен за фискализација го презентираа процесот на воведување на е-фактура, и зборуваа и за предизвиците и различните аспекти со кои се соочиле. е-Фактура започнала со примена од први јануари оваа година а воведувањето се одвивало во неколку фази со цел навремено да се увидат силните и слаби страни на системот.<br>„Слабости увидовме во техничките карактеристики и времето на издавање на фактурите, а предности во следење на прометот и данокот на додадена вредност" - рекоа од српското министерство за финансии.<br><br>Директорката Лукаревска, истакна дека проектот во РСМ, ќе го реализира Управата за јавни приходи заедно со министерството за финансии.<br>„Подготовките се започнати а вашето искуство во однос на електронската фактура е од особено значење. Со овој проект, очекуваме изедначување на условите за работа на компаниите, односно намалување на сивата економија, што ќе значи и создавање на услови за намалување на нелојална конкуренција, зголемување на даночните приходи и подобро следење на прометот и на ДДВ - рече директорката на УЈП Сања Лукаревска.<br>На средбата со даночната управа на Србија директорката Драгана Марковиќ, ги презентираше резултатите од е-Фискализацијата. Истакна дека реформскиот процес на трансформација на нивната даночната управа е во експанзивна фаза за создавање модерна даночна администрација, ориентирана кон потребите на даночните обврзници.<br>Лукаревска ги информираше присутните дека во блиска иднина се планира и реализација на проектот за воведување е-Фискализација.<br><br>Директорките разменија мислења за даночните прашања што ги засегаат двете даночни администрации а ги разгледаа и можностите за унапредување на соработката во делот на размена ан податоци и инфрмации во насока на даночно затајување а кој ги овозможува Меморандумот за соработка кои двете институции го потпишаа во рамки на Отворен Балкан,, |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 12 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02- 4127/1 |
| Датум: | 04.07.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Јас сум xxxxxxxx, новинарка во порталот „Факултети". По комуникацијата која ја имавте со моја колешка неодамна, ви пишувам со молба за пристап до информации потребни за новинарска тема на која работиме. За таа цел, ве замолувам да ми ги испратите следните податоци за периодот од јануари до мај 2023 година.<br>• Правно лице xxxxxxxxx на нето-плата, податоци за реалната нето-плата, процент на луѓе кои земаат минимална плата.<br>• Која е највисоката нето-плата во Македонија?<br>• Која е највисоката пензија во Македонија?<br>• Колку работници се пријавени на половина работно време, а колку на цело?<br>• Колку лица под 18 години се во работен однос? |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/19), барањето го проследи на надлежност и постапување до Агенција за вработување на РСМ бр.xxxxxx од xxxxxx година, Државен завод за статистика бр.xxxxx од xxxxx година и Фонд за пензиско и инвалидско осигурување бр.xxxxx од xxxxx година. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 13 |
| Архивски број на | 02-3808/1 |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| поднесено барање: | |
| Датум: | 14.06.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | За буџетска ставка 480 – купување на опрема и машини<br>1. Износи по аналитички конта за синтетичка ставка 480 за почетниот буџет, ребаланс на буџетот и завршната сметка (извршувањето) на буџетот за 2022 година за вашата институција.<br>2. Објаснување на причината за намалувањето и нереализацијата на средствата од буџетската ставка 480-Купување на опрема и машини за 2022 година, во однос на почетниот буџет, ребаланс на буџетот и завршната сметка(извршувањето) на буџетот за 2022 година.<br>3. Список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот) а нереализирани купувања, набавки и плаќања од буџетската ставка 480-Купување на опрема и машини од буџетот на вашата институција за 2022 година, со нивна поединечна вредност. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во Буџетот на УЈП за 2022 година на расходна ставка 480- Купување на опрема и машини беа планирани 49.000.000 денари за набавка на:<br>• Консолидирање на работни станици и периферна опрема- набавка на ИТ опрема 28.000.000 денари;<br>• Подигање на капацитетот на проток на комуникациската (мрежна) опрема и услуги 13.000.000 денари; и<br>• Консолидирање на базите на податоци од постојните ИТ системи/ подсистеми во единствена база на податоци за воведување ESB за Data exchange и воспоставување складиште на податоци – Data Warehouse и лиценци за системски софтвер и бази на податоци (хардвер) 8.000.000 денари.<br>• Реализацијата на оваа расходна ставка за 2022 година изнесува 622.659 денари за купување на опрема за греење и климатизација (613.660 денари) и купување на кујнска опрема (8.999 денари). |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 14 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5083/1 |
| Датум: | 25.08.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Колку решенија органот за јавни приходи има донесено во посебна постапка за утврдување данок врз основа на членовите 94-а, 94-г и 94-д од Законот за персонален данок од доход за период од 2006 година досега?<br>2. Доколку има донесено вакви решенија, барам да ми ги доставите во електронски запис. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Врз основа на член 20 став 1 и став 2 и член 6 став 1 точка 2 и точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“, број 101/2019), донесено е решение за делумно уважување на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и доставен е следниот податок:<br>имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи – Скопје, согласно евиденциите со кои располага, Ви доставува вкупен број на донесени решенија прикажани во табеларен преглед и тоа: |

| Година | Вкупно донесени решенија 2006-2023 година |
|---|---|
| 2006 | 0 |
| 2007 | 5 |
| 2008 | 32 |
| 2009 | 10 |
| 2010 | 7 |
| 2011 | 11 |
| 2012 | 7 |
| 2013 | 17 |
| 2014 | 92 |
| 2015 | 5 |
| 2016 | 5 |
| 2017 | 3 |
| 2018 | 6 |
| 2019 | 19 |
| 2020 | 82 |
| 2021 | 4 |
| 2022 | 0 |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| 2023 | 3 |
| ВКУПНО 2006-2023 година | 308 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 15 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5278/1 |
| Датум: | 30.08.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. На официјалниот сајт на УЈП е наведено дека данокот на непријавениот доход се пресметува по стапка од 70% (http://www.ujp.gov.mk/mk/vodic/category/348). Ќе ве замолиме да ни го доставите прописот во кој е содржана оваа одредба и прописот кој ја регулира оваа постапка<br>2. Вкупен број на вакви посебни постапки за утврдување на непријавен данок кои се иницирани во последните 5 години |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во Закон за персонален данок на доход („Службен весник на РМ„бр.80/93...190/2017) дел насловен Посебна постапка за утврдување на данок се наведени одредби кои се однесуваат на непријавен данок и основата која се зема за пресметување на данокот:<br>Согласно член 94-а од Законот за персонален данок на доход кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, кои потекнуваат од приходи на кои не е утврден данок или не е доволно утврден и чие потекло не може да се докаже, органот за јавни приходи донесува решение за утврдување на данокот на тој приход, согласно член 94-г основа за пресметување на данокот преставува разликата помеѓу вредноста на имотот и докажаната висина на средствата за нејзино стекнување додека пак согласно член 94-д од истиот Закон данокот на непријавените приходи се пресметува по стапка од 70%.<br>Во Закон за данок на личен доход („Службен весник на РМ„ бр.241/2018...„Службен весник на РСМ„ број 274/2022) Трет дел утврдување, пресметување и плаќање на данокот од доход, точка 2 Посебна постапка за утврдување данок се наведени одредби кои се однесуваат на непријавен данок и основата која се зема за пресметување на данокот:<br>Согласно член 76 од Законот за данок на личен доход кога лице поседува имот или располага со средства поголеми од оданочените, кои потекнуваат од доход на кои не е утврден данок или не е доволно утврден и чие потекло не може да се докаже, органот за јавни приходи донесува решение за утврдување на данокот на тој доход, согласно член 77 основа за пресметување на данокот претставува разликата меѓу вредноста на имотот и докажаната висина на средствата за негово стекнување и согласно член 78 данокот на непријавениот доход се пресметува по стапка од 70%.<br>„Започнатите постапки до денот на започнување на примената на Закон за данок на личен доход ќе завршат согласно Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 и 190/17)„<br>Во однос на побараната информација за вкупен број на вакви порсебни постапки за утврдување на непријавен данок кои се иницирани во последните 5 години, Ви го проследуваме следниот податок: |

| Година | Вкупно донесени решенија 2018-2023 година |
|---|---|
| 2018 | 6 |
| 2019 | 19 |
| 2020 | 82 |
| 2021 | 4 |
| 2022 | 0 |
| 2023 | 3 |
| ВКУПНО 2018-2023 година | 114 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 16 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5600/1 |
| Датум: | 04.09.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | 1. Во 2022 година на одговор на нашата анкета наведовте дека ќе иницирате активности за подобрување на инклузијата на лицата за попреченост во функционирањето на УЈП Неготино. Кои се постигнатите резултати во 2022 година?<br>2. Кои се предвидените активности за 2023 година за подобрување на инклузивноста на лицата со |

<table>
<tr><td></td><td>попреченост во работата на УЈП?<br>3. Дали имате планирано активност за 5 Декември на денот на лицата со попреченост?<br>4. Дали би дозволиле да се направи увид – тестирање на пристапноста на рампите?<br>5. Оценете ја инклузивноста на училиштето на скала од 1 до 10</td></tr>
<tr><td>Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер:</td><td>Управата за јавни приходи континуирано води грижа за сите граѓани, вклучително и за лицата со попреченост кои имаат потреба и обврска да ги користат услугите на Управата за јавни приходи како сервисно ориентирана институција. Пристапната рампа поставена пред просториите на УЈП Неготино е уште еден показател дека УЈП ги спроведува барањата и ги сервисира потребите на лицата со попреченост. Во нашата институција континуирано се спроведуваат активности за помош на лицата со попреченост кои ги користат услугите на УЈП преку нашите колеги кои се овластени и одговорни лица за комуникација со граѓани кои што имаат одреден вид и степен на попреченост.<br><br>На веб страната на Управата за јавни приходи објавена е листа со контакт лица за комуникација со лица со попреченост.<br>Линк: http://www.ujp.gov.mk/mk/kontakt<br><br>Во однос на денот на лицата со попреченост 5-ти Декември, Ве известуваме дека Управата за јавни приходи секоја година врши донација на ранливи категории на граѓани. Оваа активност е во рамките на одбележување на денот на Даночните работници „Свети Матеј„ Досега се реализирани повеќе активности на донации на Здружение на родители на деца со аутизам Блу Пазл, Центар Мајка Тереза во Гевгелија, на Посебно основно училиште „Свети Климент Охридски“ (Ново Село, Струмица), Дом за деца без родители „11 Октомври“ Скопје, ЈУ „Дом за доенчиња и мали деца – Битола. Активности од овој тип се планираат и во иднина и истите може и да се прошират по предлог или иницијатива на некое здружение кое ги застапува нивните права и интереси.<br>Во однос на увид-тестирање на пристапноста на рампите Ве замолуваме да се обратите во просториите на УЈП Неготино, истите се поставени пред зградата во која се наоѓаат и повеќе институции вклучително и УЈП Неготино.<br>Воедно, Ве известуваме дека од вкупно 33 објекти во кои се извршуваат надлежностите на Управата за јавни приходи рампа за пристап до објект за лица со попреченост е поставена во вкупно 19 објекти и тоа:<br><br>
<table>
<tr><th>Реден број</th><th>Назив на објект</th><th>Информација за поставеност на пристапна рампа за лица со попреченост</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Генерална дирекција</td><td>поставена е пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>2</td><td>РД Скопје</td><td>поставена е пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>3</td><td>ДГДО</td><td>поставена е пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>4</td><td>РД Тетово</td><td>Општинска зграда, во оваа зграда има два влеза и УЈП ги користи двата, на главниот влез (од Општината) има пристапна рампа, а УЈП влезот – нема пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>5</td><td>ДИ Тетово</td><td>не е поставена пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>6</td><td>ДО Гостивар</td><td>не е поставена пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>7</td><td>ДО Дебар</td><td>не е поставена пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>8</td><td>ДО Кичево</td><td>поставена е пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>9</td><td>ДО Гевгелија</td><td>поставена е пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>10</td><td>ДШ Валандово</td><td>не е поставена пристапна рампа</td></tr>
<tr><td>11</td><td>ДО Радовиш</td><td>има пристапна рампа за инвалидизирани лица, но само до приземје</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 12 | ДО Берово | во зградата на општина Берово, каде што се сместени нашите канцеларии, има два влеза, еден за на шалтерот на УЈП и еден кој е официјален за влез во зградата. На официјалниот влез има пристап за инвалидни лица и лица со посебни потреби и преку него (преку ходникот) може да се пристапи и влезе во шалтерот на УЈП, на другиот влез за на шалтерот нема пристап. |
| | 13 | РД Струмица | поставена е пристапна рампа |
| | 14 | РД Штип | поставена е пристапна рампа |
| | 15 | ДО Куманово | поставена е пристапна рампа |
| | 16 | ДО Крива Паланка | поставена е пристапна рампа |
| | 17 | ДО Виница | поставена е пристапна рампа |
| | 18 | ДО Свети Николе | поставена е пристапна рампа |
| | 19 | ДШ Кратово | не е поставена пристапна рампа |
| | 20 | ДШ Делчево | не е поставена пристапна рампа |
| | 21 | ДШ Пробиштип | не е поставена пристапна рампа |
| | 22 | ДО Кочани | поставена е пристапна рампа |
| | 23 | РД Прилеп | не е поставена пристапна рампа |
| | 24 | ДШ Крушево | не е поставена пристапна рампа |
| | 25 | ДШ М.Брод | не е поставена пристапна рампа |
| | 26 | ДО Кавадарци | поставена е пристапна рампа |
| | 27 | ДО Неготино | поставена е пристапна рампа |
| | 28 | ДО Велес | поставена е пристапна рампа |
| | 29 | РД Битола | поставена е пристапна рампа |
| | 30 | ДО Охрид | не е поставена пристапна рампа |
| | 31 | ДО Струга | поставена е пристапна рампа |
| | 32 | ДО Ресен | не е поставена пристапна рампа |
| | 33 | ДШ Д.Хисар | не е поставена пристапна рампа |
| | Во врска оценување на инклузивноста на институцијата согласно напред наведеното, оцената би била 8. | | |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 17 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-5923/1 |
| Датум: | 11.09.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | „Одделение за стратешко планирање, креирање политики, следење и ЛЕР на Општина Куманово во рамките на своите активности ги ажурира податоците за компаниите кои работат на територија на Општина Куманово. За потребите за истражувањето Ви доставуваме Барање за информации со кои располагате за компании кои постојат на територија на Општина Куманово, назив на компанија, дејност, адреса,е-маил и контакт телефон. Информациите ќе бидат користени при креирање на мерки на општинско ниво,, |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„бр.101/2019) барањето е препратено на надлежност и постапување до ЦРСМ. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 18 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-6865/1 |
| Датум: | 24.10.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | „Колку данок плаќа една тезга за Неготинскиот панаѓур за 21, 22, 23-09-23 год. Бидејќи луѓето што изнајмуваа тезги доаѓа кај Вас да платат данок и да земат потврда за платен данок„ |
| Одговор од страна на Имател на информации од | „Манифестацијата „Неготински панаѓур„ се одржува во периодот од 21 септември до 23 септември, значи 3 дена. Се врши продажба на најразлична стока( често и од втора рака-употребувана) на |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| јавен карактер: | тезги кои сами си ги поставуваат продавачите на места однапред определени и издадени под закуп, односно со одобрение од Општина Неготино.<br>Согласно член 29 став 1 од Закон за данокот на личен доход („Службен весник на РМ„ бр.241/18....„Службен весник на РСМ„ бр.274/22) „Обврзникот кој поради определени околности не е во состојба да ги води деловните книги, или нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста, има право да поднесе барање до органот за јавни приходи, данокот на доходот остварен од вршење самостојна дејност да го плаќа според паушално утврден нето доход.„<br>Согласно став (2) од истиот член „ Кога органот за јавни приходи ќе оцени дека се исполнети условите од став (1) на овој член, го утврдува со решение паушалниот нето-доход на обврзникот, имајќи во предвид:<br>1. местото каде се наоѓа деловната просторија<br>2. опременоста на деловната просторија<br>3. пазарните услови во кои се врши дејноста<br>4. површината на деловната просторија<br>5. староста и способноста на обврзникот<br>6. големината на нето-доходот кој под исти или слични услови врши иста дејност<br>7. други околности кои влијаат на остварување на доходот.<br><br>Даночниот обврзник-физичко лице во случај кога врши дејност од времен карактер, поднесува барање за паушално плаќање на данокот од доход најдоцна пред отпочнување на дејноста ( дејноста секогаш е трговска и времено ограничена).<br>Во соработка со општинската администрација даночните обврзници беа известени дека се должни да поднесат барање за паушално плаќање на данок од вршење самостојна дејност од времен карактер.<br>Во периодот од 15 до 21 септември беа поднесени 146 барања по кои беа донесени даночни управни акти за оданочување.<br>При утврдување на висината на данокот се почитуваа одредбите од став (2) на член 29 од Закон за данокот на личен доход („Службен весник на РМ„ бр.241/18....„Службен весник на РСМ„ бр.274/22) , големината и местоположбата на тезгата (податок кој ни го даде општинската администрација преку висината на закупнината), а особено имајќи ги во предвид добиените параметри -основици за паушално оданочување за 2023 година и тоа:<br>• минимална граница=119 493 денари годишен минимален нето-доход пред оданочување согласно Законот за минимална плата, што значи износот на пресметаниот данок да не биде под износот на данокот кој се задржува и наплатува при исплата на минимална плата и<br>• горна граница=696 877 денари , односно максимален износ пресметан во висина на годишен максимален нето-доход пред оданочување.<br>Данокот утврден во поединечните решенија на физичките лица-обврзници на данок на доход остварен вршење самостојна дејност од времен карактер за 3 дена (колку што трае Неготински панаѓур) се движи од 242 денари до максимални 573 денари. |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 19 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-7920/1 |
| Датум: | 21.12.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Ве молиме да не информирате дали постои правилник (или друга регулатива) за форма и содржина на документот кој го издавате – Уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки.<br>Ако постои ве молиме во одговорот да ни го доставите како е-документ или да ни посочите е-линк до истиот.<br><br>Истотака ве молам да ни доставите инфорамација за внатрешен документ, пропис, регулатива која пропишува како и во кои случаи се користат вашите официјални печати со кои располагаат различните оддели на УЈП. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска бараната информација дали постои правилник (или друга регулатива) за форма и содржина на документот кој го издавате – Уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки. Ако постои ве молиме во одговорот да ни го доставите како е-документ или да ни посочите е-линк до истиот, Ви проследуваме линк од веб страната на Управата за јавни приходи каде е појаснета постапката за поднесување на барање за издавање на уверение. |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | Линк: http://ujp.gov.mk/mk/plakjanje/uverenija<br>ИЗДАВАЊЕ УВЕРЕНИЈА И ПОТВРДИ<br>УВЕРЕНИЕ ЗА СОСТОЈБА НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И ДАВАЧКИ<br>ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА СОСТОЈБА НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И ДАВАЧКИ<br>ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА СОСТОЈБА НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И ДАВАЧКИ<br><br>http://ujp.gov.mk/mk/plakjanje/category/1822<br>УВЕРЕНИЕ ЗА СОСТОЈБА НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И ДАВАЧКИ<br>ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА СОСТОЈБА НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И ДАВАЧКИ<br>ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА СОСТОЈБА НА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И ДАВАЧКИ |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 20 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-7998/1 |
| Датум: | 27.12.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Табеларен приказ на број на лица и износи на кои им е утврден данок на непријавен доход по години, за секоја година засебно за периодот 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година во сите регионални дирекции. |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-7998/1 од 27.12.2023 година со кое од имателот за информации од јавен карактер - Управа за јавни приходи побаравте да Ви се достави информација, цитирам „Табеларен приказ на број на лица и износи на кои им е утврден данок на непријавен доход по години, за секоја година засебно за периодот 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година во сите регионални дирекции„ имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи- Скопје, Ви ја доставува следната информација: |

**ПРЕГЛЕД - ИНИЦИРАНИ ПОСЕБНИ ПОСТАПКИ - ЗБИРНО (СИТЕ РД)**

| Година | Вкупно донесени решенија 2019-2023 | | Скопје | | Битола | | Прилеп | | Штип | | Тетово | | Струмица | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | износ | број | износ | број | износ | број | износ | број | износ | број | износ | број | износ |
| 2019 | 6 | 12,677,503 | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 12,245,974 | 1 | 431,529 |
| 2020 | 6 | 29,803,031 | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 23,438,071 | 2 | 6,364,960 |
| 2021 | 1 | 7,498,396 | 0 | 0 | 1 | 7,498,396 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2022 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2023 | 1 | 7,792,862 | 0 | 0 | 1 | 7,792,862 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО 2019-2023 | 14 | 57,771,792 | 0 | 0 | 2 | 15,291,258 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 | 35,684,045 | 4 | 6,796,489 |

| | |
|---|---|
| Реден број: | 21 |
| Архивски број на поднесено барање: | 02-7999/1 |
| Датум: | 27.12.2023 |
| Опис на информација до која се бара пристап: | Кога се извршени контроли од страна на УЈП во субјектите кои имаат како главен Дејност 92.00 (кои организират игри на среќа), според датуми во 2023 година. На колку субјекти конкретно афаристи објекти кои организират игри на среќа е извршено контрола во 2023 година |
| Одговор од страна на Имател на информации од јавен карактер: | Во врска поднесеното Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено со архивски број 02-7999/1 од 27.12.2023 година со кое од имателот за информации од јавен карактер - Управа за јавни приходи побаравте да Ви се достави информација, цитирам „кога се извршени контроли од страна на УЈП во субјектите кои имаат како главен Дејност 92.00 (кои организират игри на среќа), според датуми во 2023 година и на колку субјекти конкретно афаристи објекти кои организират игри на среќа е извршено контрола во 2023 година„ имателот на информации од јавен карактер, Министерство за финансии – Управа за јавни приходи- Скопје, Ви ја доставува следната информација: |

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | 1. Кога се извршени контроли од страна на УЈП во субјектите кои имаат како главен Дејност 92.00 (кои организират игри на среќа), според датуми во 2023 година.<br>• Во периодот 01.01.2023-31.12.2023 година Управата за јавни приходи извршила вкупно 105 надворешни контроли од аспект на надзор над приредувањето на игрите на среќа и забавните игри<br>2. На колку субјекти конкретно афаристи објекти кои организират игри на среќа е извршено контрола во 2023 година<br>• Во периодот 01.01.2023-31.12.2023 година со извршените контроли по основ игри на среќа и забавни игри опфатени се вкупно 32 даночни обврзници (правни субјекти) кои приредуваат игри на среќа. |